# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 28.10.2009 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 11219 | | |

Сиг 0705

# ТРУБА, ТРОМБОН И ХОРНА

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

ШЕСТГОДИШНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2009

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02 и 82/08) и член 31 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по предметот ***труба, тромбон и хорна за шестгодишното*** основно музичко образование.

Во шестгодишното основно музичко училиште на инструментите труба, тромбон и хорна можат да се запишат ученици кои наполниле од 8 до 10 години.

Целта на наставата по труба, тромбон и хорна е на учениците да им се развие љубов кон инструментот и музиката, да се оспособат за изразно солистичко, камерно и оркестарско музицирање, естетско и емоционално вреднување на музичките дела поткрепени со музички знаења по однос на нивната содржина и форма. Учениците се обучуваат и стекнуваат знаења, навики и вештини за изведување на музичките дела и се оспособуваат за самостојна работа на инструментите труба, тромбон и хорна ,флејта, обоа, кларинет и саксофон. Наставната програма за овие инструменти е со цел да се оспособи ученикот технички да го совлада инструментот за понатамошно школување во средните и високите музички школи и да се изгради во добар сестран уметник.

Наставата се изведува индивидуално. На крајот од учебната година секој ученик полага годишен испит.

- Број на неделниот фонд е 2 часа по 30 минути, односно годишен фонд од 72 часа.
- Статус на предметот: задолжителен.

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД II –VI одделение

Ученикот/ученичката:

- да развива интерес кон инструментална музика;
- да објаснува за инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да се приспособува за свирење на вежби со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да се приспособува да свири скали-дурски и молски во една две и повеќе октави;
- да презентира правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива способности за доживување и изразување на музиката преку правилна интрепретација на инструментот;
- да развива љубов и интерес за изразување и доживување на музичкиот фоклор;
- да го развива музичкиот вкус и критичкото мислење;
- да дискутира за истакнати музички уметници и творци во земјата и странство;
- да развива култивиран пријатен тон и чиста интонација;
- да развива љубов кон класичната музика;
- да дискутира за убавината на музиката при слушањето на познатите дела;
- да создава навика и потреба за посета на концерти, оперско-балетски претстави и други музички приредби;
- да создава работна култура;
- да се интересира за музичката култура на своето опкружување;
- да развива креативност;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да презентира нотен текст (ритмички и мелодиски);
- да го развива внатрешниот слух;
- да развива музичка меморија;
- да ги проценува своите вредности и вредностите на другите;
- да се приспособува за работа во пар и тимско (групно) работење;
- да организира концерти каде ќе се презентираат активностите во текот на годината;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесувањето во индивидуалните и во колективните музички активности;
- да ги развива интерпретаторските вештини и навиката за аналитички приод кон техничко-уметничкото интерпретирање на музичките дела.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ПО ТРУБА, ТРОМБОН И ХОРНА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да објаснува за инструментот и неговите карактеристики и изразни можности;
- да ги идентификува деловите на инструментот;
- да се приспособува за мелодиско и ритмичко читање и свирење на нотен текст;
- да се подготвува правилно да свири скали;
- да објаснува за изразните можности на инструментот;
- да се приспособува за свирење на вежби со посложена ритмичко-мелодиска и хармонска структура;
- да се подготвува за правилна стилска интерпретација на музиката;
- да се оспособува за соло, камерно и оркестарско музицирање;
- да развива музичка меморија;
- да препознава нотен текст, музички термини и ознаки;
- да развива способност за прецизно интонирање на тонска висина;
- да презентира нотен текст (ритмички и мелодиски);
- да развива внатрешнен слух;
- да развива музичка меморија;
- да дискутира за улогата на инструментот во поголеми состави;
- да ги развива интерпретаторските вештини и навиката за аналитички приод кон техничко-уметничкото интерпретирање на музичките дела;
- да изгради позитивни особини (дисциплинираност, одговорност, креативност);
- да се поттикнува за работа во дует и во поголем состав за заедничко музицирање;
- да ја развива способноста и концентрацијата за помнење и за уметничко интерпретирање на музичките дела при јавен настап;
- да го открива и почитува сопственото музичко изразување и да го почитува музичкото изразување на другите;
- да ги разбира и прифаќа правилата на однесување во индивидуалните и во колективните музички активности.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет - **труба - II одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Тема I - **Запознавање со инструментот и правилно поставување на ученикот** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги препознава деловите на инструментот;<br>- да ги набројува деловите на инструментот;<br>-да објаснува за историјатот на инструментот;<br>- да се приспособува за правилно склопување и расклопување на инструментот;<br>- да покажува интерес за одржување и чистење на инструментот;<br>- да презентира правилен начин на поставување и држење на инструментот;<br>- да се приспособува за ослободување на прстите и правилно поставување;<br>- да пронаоѓа под кој агол се поставува инатрументот;<br>- да презентира стабилно стоење на двете нозе, поставување на главата во правилна исправена позиција; | - Запознавање на инструментот труба, неговите делови и основни својства;<br>- Начин на држење на инструментот. | - Делови на инструментот<br>- Абажур | Употреба на огледалото во наставата т.е. ученикот се поставува пред големо огледало, за да може да добие појасна слика за поставеноста на рацете, главата и нозете, како и да биде во можност да ги воочува грешките, задолжителна употреба на ремен на половината за ученикот да добие јасно чувство на затегнување на дијафрагмата при вдисувањето и олабавување при издишувањето на воздухот.<br><br>Употреба на столче како помошно средство при вдишувањето, т.е. ученикот седнува на столчето, се наведнува напред со главата кон колениците седејќи и во таква положба вдишува воздух. Ученикот добива |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - правилно да ја употребува дијафрагмата;<br>- да презентира правилно поставување на амбажурот на устата преку поставување на горната и долната усна паралелно со обид за изговарање на буквата О;<br>-да се приспособува за поставување усникот во устата;<br>-да презентира правилна поставеност на усникот на долната усна при земање на воздух. | | | јасно чувство на затегнување на дијафрагмата при вдишувањето и олабавување при издишувањето на воздухот,<br><br>Употреба на огледалото во наставата, т.е. ученикот се поставува пред големо огледало за да може да добие појасна слика за произведувањето на звукот преку дување во усникот. Да се внимава на задржување на константна интонација на еден тон, да не се испушта воздух од страните на усните и паралено да се зема воздух на дијафргма. Времето на вежбање да се зголемува, со цел мускулите на устата да имаат можност да го задржат правилниот амбажур.<br><br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на демонстрација. |

| Тема II - **Скали** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да се приспособува за правилна интерпретација на скалите во легато и портато;<br>-да демонстрира свирење на скалите напамет;<br>-да презентира свирење на трозвуци, четворозвуци на соодветни скали. | C-Dur / a-moll<br>G-Dur / e-moll<br>F-dur / d-moll<br>(од молските скали се изведуваат само хармонски молски скали) | - Легато<br>- Портато | - Вежби за скали во целиот опсег на трубата од б до Ф3.<br><br>-Свирење на сите скали заедно со своите трозвуци и четворозвуци.<br>- Вежби за правилниот прсторед за одделни тонови во скали.<br><br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на демонстрација.<br>Метод на обиди и грешки. |

| Тема III - Технички вежби | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ја развива техниката на свирење на инструментот (да постигне повисок степен на контрола на дишењето, начинот на произведување на тонот со усникот и техниката на прстите);<br>- да се приспособува за да ја усоврши контролата на дишењето;<br>- да употребува и користи Атака во вежби;<br>-да употребува и користи различни техники на артикулација на тонот: легато, стакато, портато, тенуто и др.;<br>-да употребува триолски движења и пунктирани ноти во разни вежби;<br>-да развива чувството за метро-ритмичка пулсација во соодветно темпо;<br>-да свири во правилна интонација. | Технички вежби | Атака<br>Артикулација:<br>Стакато<br>Легато<br>Нотни вредности<br>Метрика | - Свирење на разни вежби кои ќе помогнат за развивање правилна техника при свирењето на овој инструмент.<br><br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на демонстрација.<br>Метод на обиди и грешки. |

## Тема IV - Етиди

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>- да го употребува нотниот текст во зададените етиди;<br>-да ја развие техниката на свирење на инструментот;<br>- да се приспособува за произведување на култивиран тон преку прецизна изведба на соодветни етиди;<br>- да употребува правилен начин на дишење при свирењето;<br>- да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;<br>- да користи различни видови на техника на артикулација на звукот;<br>- да ги презентира етидите во зададено темпо;<br>- да ја развива музичката меморија;<br>- да го развива чувството за метроритмичка пулсација и темпо. | Етиди | Етиди | - Користење на етиди со различен карактер.<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки.<br>Свирење на зададените етиди со ЦД. |

**Тема V - Композиции со клавирска придружба**

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| Ученикот/ученичката:<br>-да се приспособува да го совлада нотниот текст на зададените композиции;<br>-да се приспособува за произведување на култивиран тон преку прецизна изведба на композиции со клавирска придружба;<br>-да развива уметнички израз при интерпретацијата на зададените музички дела;<br>- да презентира правилна интерпретација на композоции со различни стилски карактеристики на зададените дела;<br>-да демонстрира прецизност во изведбата на композиции со клавирска придружба;<br>-да се развие чувството за сценско музицирање;<br>-да се развие искуство на однесување на сцената. | Композиции со клавирска придружба | Корепетиција<br>Пијано | Проби со пијано придружба.<br>Посетување на концерти.<br>Слушање на музика.<br>Учествување на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки. |

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет - **тромбон - II одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| Тема I - **Запознавање со инструментот и правилно поставување на ученикот** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги препознава деловите на инструментот;<br>- да ги набројува деловите на инструментот;<br>- да објаснува за историјатот на инструментот;<br>- да се приспособува за правилно склопување и расклопување на инструментот;<br>- да покажува интерес за одржување и чистење на инструментот;<br>- да презентира правилен начин на поставување и држење на инструментот;<br>-да се приспособува за ослободување на прстите и правилно поставување;<br>- да пронаоѓа под кој агол се поставува инатрументот;<br>- да презентира стабилно стоење на двете нозе, поставување на главата во правилна исправена позиција;<br>- правилно да ја употребува | - Запознавање на инструментот тромбон, неговите делови и основни својства<br>- Начин на држење на инструментот | - Делови на инструментот<br><br>- Абажур | Употреба на огледалото во наставата, т.е. ученикот се поставува пред големо огледало, за да може да добие појасна слика за поставеноста на рацете, главата и нозете, како и да биде во можност да ги воочува грешките, задолжителна употреба на ремен на половината, како ученикот би добил јасно чуство на затегнување на дијафрагмата при вдисувањето и олабавување при издишувањето на воздухот.<br><br>Употреба на столче како помошно средство при вдишувањето, т.е. ученикот седнува на столчето, се наведнува напред со главата кон колениците седејќи и во таква положба вдишува воздух. Ученикот добива јасно чуство на затегнување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| дијафрагма;<br>- да презентира правилно поставување на амбажурот на устата преку поставување на горната и долната усна паралелно со обид за изговарање на буквата О;<br>- да се приспособува за поставување на усникот во устата;<br>- да презентира правилна поставеност на усникот на долната усна при земање на воздух. | | | на дијафрагмата при вдишувањето и олабавување при издишувањето на воздухот.<br><br>Употреба на огледалото во наставата, т.е. ученикот се поставува пред големо огледало, за да може да добие појасна слика за произведувањето на звукот, преку дување во усникот. Да се внимава на задржување на константна инстонација на еден тон, да не се испушта воздух од страните на усните и паралено да се зема воздух на дијафргма. Времето на вежбање да се зголемува, со цел мускулите на устата да имаат можност да го задржат правилниот амбажур.<br><br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на демонстрација. |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ Биро за развој на образованието СКОПЈЕ

| Тема II - **Скали** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>-да се приспособува за правилна интерпретација на скалите во легато и портато;<br>-да демонстрира свирење на скалите напамет;<br>-да презентира свирење на трозвуци, четворозвуци на соодветни скали. | Es-dur / c-moll<br>B-dur / g-moll<br>F-dur / d-moll | - Легато<br>- Портато | - Вежби за скали во целиот опсег на трубата од б до Ф3.<br><br>- Свирење на сите скали заедно со свпоите трозвуци и четворозвуци.<br>- вежби за правилниот прстоgред за одделни тонови во скали.<br><br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на демонстрација.<br>Метод на обиди и грешки. |

| Тема III - Технички вежби | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ја развива техниката на свирење на инструментот (да постигне повисок степен на контрола на дишењето, начинот на произведување на тонот со усникот и техниката на прстите);<br>-да се приспособува за да ја усоврши контролата на дишењето;<br>-да употребува и користи Атака во вежби;<br>-да употребува и користи различните техники на артикулација на тонот: легато, стакато, портато, тенуто и др.;<br>-да употребува триолски движења и пунктирани ноти во разни вежби;<br>-да развие чувство за метро-ритмичка пулсација во соодветно темпо;<br>-да свири во правилна интонација. | Технички вежби | Атака<br>Артикулација:<br>Стакато<br>Легато<br>Нотни вредности<br>Метрика | - Свирење на разни вежби кои ќе помогнат за развивање правилна техника при свирењето на овој инструмент.<br><br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на демонстрација.<br>Метод на обиди и грешки. |

| Тема IV - Етиди | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да го употребува нотниот текст во зададените етиди;<br>-да ја развие техниката на свирење на инструментот;<br>-да се приспособува за произведување на култивиран тон преку прецизна изведба на соодветни етиди;<br>-да употребува правилен начин на дишење при свирењето;<br>-да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;<br>-да користи различни видови на техника на артикулација на звукот;<br>-да ги презентира етидите во зададено темпо;<br>-да ја развива музичката меморија;<br>-да го развива чувството за метро-ритмичка пулсација и темпо. | Етиди | Етиди | -Етиди во различни темпа<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки.<br>Свирење на зададените етиди со ЦД. |

| Тема V - Композиции со клавирска придружба | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да се приспособува да го совлада нотниот текст на зададените композиции;<br>-да се приспособува за произведување на култивиран тон преку прецизна изведба на композиции со клавирска придружба;<br>-да развива уметнички израз при интерпретацијата на зададените музички дела;<br>- да презентира правилна интерпретација на композоции со различни стилски карактеристики на зададените дела;<br>-да демонстрира прецизност во изведба на композиции со клавирска придружба;<br>-да се развие чувството за сценско музицирање;<br>-да се развие искуство на однесување на сцената. | Композиции со клавирска придружба | Корепетиција<br>Пијано | Проби со пијано придружба.<br>Посетување на концерти.<br>Слушање на музика.<br>Учествување на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки. |

| Наставен предмет - **хорна II одделение** | | | |
|---|---|---|---|
| **Тема I - Запознавање со инструментот и правилно поставување на ученикот** | | | |
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да ги препознава деловите на инструментот;<br>- да ги набројува деловите на инструментот;<br>-да објаснува за историјатот на инструментот;<br>- да се приспособува за правилно склопување и расклопување на инструментот;<br>- да покажува интерес за одржување и чистење на инструментот;<br>- да презентира правилен начин на поставување и држење на инструментот;<br>- да демонстрира правилно отворање на грлото;<br>- да се приспособува да користи зуење со и без усник;<br>- да научи исправно свирење без притисок;<br>- основни артикулации-легато,стакато, тенуто, | - Запознавање на инструментот хорна, неговите делови и основни својства<br>- Начин на држење на инструментот. | - Дијафрагма.<br>- Амбажур.<br>- Артикулација.<br>- Скали.<br>- Тонови и сл. | Запознавање и со концертното свирење, односно да настапува на јавни часови и концерти.<br><br>Користење на техниката за дување „нон пресо“-без притисок, вежбање пред огледало, вежби за дишење, вежби за зуење и вежби со аликвотни низови-тонови.<br><br>Примената на сите овие вежби треба исправно да се спроведува и со голема контрола од страна на наставникот над учениците.<br><br>Исправно држење на телото и контрола и од страна на наставникот, но и од страна и на ученикот пред огледало; поставување на прстите и поставување на синхронизација помеѓу прстите, јазикот и мозокот, таканаречена складност на триаголникот.<br><br>Поставување на атаката и нејзина |

| | | | |
|---|---|---|---|
| маркато и сл.;<br>- да свири на сите нотни вредности;<br><br>- да пронаоѓа под кој агол се поставува инструментот;<br>- да презентира стабилно стоење на двете нозе, поставување на главата во правилна исправена позиција;<br>- да употребува правилно дијафрагма;<br>- да презентира правилно поставување на амбажурот на устата преку поставување на горната и долната усна паралелно со обид за изговарање на буквата О;<br>- да се приспособува за поставување на усникот во устата;<br>-да презентира правилна поставеност на усникот на долната усна при земање на воздух. | | | примена преку слогот „ та “. Во текот на наставата да се применува теорија и практика од страна на професорот, односно се што ќе се објасни теоретски да се покаже и практично така што ученикот да има јасна слика и од аспект на теоријата и од аспект на практиката. Исправно држење на инструментот, како и спроведување на исправно проектирање на тонот-проекција на тонот.<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки. |

| Тема II - **СКАЛИ** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се приспособува за правилна интерпретација на скалите во легато и портато;<br>- да демонстрира свирење на скалите напамет;<br>- да се приспособува да свири скали во цели ноти, половинки, четврти и осмини, како и примена на неколку артикулации стакато, легато и тенуто;<br>- да презентира свирење на трозвуци, четворозвуци како и пасажи, но и разложено во соодветни скали. | Ц – дур/а – мол;<br>Г- дур/е – мол;<br>Ф – дур/д – мол; | Дурска и молска скала | Скалите кои се предвидени за оваа година се до два презнака и во една октава и истите треба да се свират во цели ноти, половинки, четвртинки и осминки, како и примена на неколку артикулации стакато, легато и тенуто, а во исто време да се вежбаат заедно дурските, молските, како и трозвуците и четворозвуци како пасажи, но и разложено.<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки. |

| Тема III - ТЕХНИЧКИ ВЕЖБИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да ја развива техниката на свирење на инструментот (да постигне повисок степен на контрола на дишењето, начинот на произведување на тонот со усникот и техниката на прстите);<br>-да се приспособува за да ја усоврши контролата на дишењето;<br>-да употребува и користи различни техники на артикулација на тонот: легато, стакато, портато, тенуто и др.;<br>-да употребува триолски движења и пунктирани ноти во разни вежби;<br>-да развива чувство за метро-ритмичка пулсација во соодветно темпо;<br>-да свири во правилна интонација. | - Технички вежби | Артикулации:<br>- стакато;<br>- легато;<br>- тенуто;<br>- портато<br>- метрика. | Како главни активности покрај концерти и јавни часови, учениците се среќаваат и со еден вид контрола на досегашното нивно напредување преку колоквиуми каде се изведуваат скали и технички вежби – етиди.<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки. |

| Тема IV - Етиди | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученикот/ученичката:<br>- да го употребува нотниот текст во зададените етиди;<br>- да ја развие техниката на свирење на инструментот;<br>- да се приспособува за произведување на култивиран тон преку прецизна изведба на соодветни етиди;<br>- да употребува правилен начин на дишење при свирењето;<br>- да ја развие синхронизацијата на прстите, јазикот и дишењето;<br>- да користи различни видови на техника на артикулација на звукот;<br>- да ги презентира етидите во зададено темпо;<br>- да ја развива музичката меморија;<br>- да го развива чувството за метро-ритмичка пулсација и темпо. | -Етиди | Етиди | Секојдневната употреба на етидите му овозможува на ученикот полесно да ги совладува зададените композиции.<br>Техничките етиди се препорачува да се вежбаат во побавно темпо за да се совладаат пред се техничките проблеми, а потоа и динамичките и по неколку расчитувања на етидата, се приоѓа кон совладување на темпото во зависност на метриката и брзината на темпото, додека мелодиските етиди изискуваат покрај бавното темпо и широчина во тонската мисија и соодветна артикулација.<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки. |

| Тема V - Композиции со клавирска придружба | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да се приспособува да го совлада нотниот текст на зададените композиции;<br>-да се приспособува за произведување на култивиран тон преку прецизна изведба на композиции со клавирска придружба;<br>-да развива уметнички израз при интерпретацијата на зададените музички дела;<br>- да презентира правилна интерпретација на композиции со различни стилски карактеристики на зададените дела;<br>- да демонстрира прецизност во изведба на композиции со клавирска придружба;<br>- да се развие чувството за сценско музицирање;<br>- да се развие искуство на однесување на сцената. | **Композиции со клавирска придружба** | Корепетиција<br>Пијано | Проби со пијано придружба<br>Посетување на концерти.<br>Слушање на музика.<br>Учествување на концерти и натпревари.<br><br>Метод на демонстрација.<br>Монолошки метод.<br>Дијалошки метод.<br>Метод на споредба.<br>Метод на обиди и грешки. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

### 1. ТРУБА

- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини):
  - тема I - **Запознавање со инструментот** - 5 часа;
  - тема II - **Скали** - 12 часа;
  - тема III - **Технички вежби** - 30 часа;
  - тема IV - **Етиди** - 15 часа;
  - тема V - **Композиции со клавирска придружба** - 10 часа.

### 2. ТРОМБОН

- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини)Ч
  - тема I - **Запознавање со инструментот** - 2 часа;
  - тема II - **Скали** - 20 часа;
  - тема III - **Технички вежби** - 20 часа;
  - тема IV - **Етиди** - 15 часа;
  - тема V - **Композиции со клавирска придружба** - 15 часа.

### 3. ХОРНА

- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови* (ориентационо планирање на наставните часови по наставни теми и целини):
  - тема I - **Запознавање со инструментот - 2 часа;**
  - тема II - **Скали - 30 часа;**
  - тема III - **Технички вежби - 15 часа;**
  - тема IV - **Етиди - 15 часа**;
  - тема V - **Композиции со клавирска придружба - 10 часа.**

- *Наставни средства:*
    - инструмент;
    - усник;
    - учебници по избор на наставникот;
    - посета на концерти и други музички манифестации;
    - Интернет, образовни софтвери;
    - списанија;
    - аудио-визуелни средства.

**Користена литература:**

**1.ТРУБА**

Љ.Коскаров,Методика по труба за основно ио средно  образование
П.Клодомир – 1 дел
Г.Балау – Школа за труба – 1 дел
Ж.Поре – 1 и 2 дел
В.А. Моцарт – Вечерна песна
М.Шлозберг
О.Фридман
Шалие – Пиеса за конкурс
Сепелев- Скерцино
Ј.Лабура – Сонатина
Шчелоков – Концерт бр.3
Хелмунд- Стара серенада
Ј.Хајдн- Дас лиед
В.Лехар-Мала пиеса
М.Штибиљ – Мала пиеса
Х.Персл – Суита
Аренски – Концертен танц

**2.ТРОМБОН**

М.Хејда-Почетна школа за тромбон
Ј.Михалек-Школа за тромбон
В.Блажевич-Школа за тромбон I дел
Р.Милер- Школа за тромбон I дел
М.Хејда-Почетна школа за тромбон
Ј.Михалек-Школа за тромбон
В.Блажевич-Збирка раздвижен тромбон
К.Барнс-Мали уметници
П.И.Чајковски-Француска песна

**3. ХОРНА**

- Д.Марковиќ – Школа за хорна прв и втор дел
- Чајковски – мали комади и композиции за хорна
- Д.Марковиќ – Збирка композиции за хорна и клавир
- Литература по избор на предметниот наставник

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Постигањата на учениците се оценуваат континуирано во текот на целата година. Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл.

Наставникот ја оценува способноста на ученикот за аналитички приод во изучувањето на дадените музички дела; техниката на изведбата на дадените музички дела и нивната уметничка интерпретација. За секое тримесечје се добива оценка на поминатиот материјал, според критериумите за оценување на учениците по овој предмет. Оценувањето се врши со помош на континуирано следење на напредувањето на ученикот на редовните часови, јавни часови и настапи, концерти, натпревари и годишни испити по инструментот.

Ученикот кој ќе покаже незадоволителни резултати во поглед на техничко-уметничка интерпретација на музичките дела и нема да го реализира предвидениот задолжителен материјал по предметот, се упатува на поправен испит.

**ТРУБА, ТРОМБОН И ХОРНА**

**Годишен испит во јуни.**

**Скали: Две скали (дурска и молска).**

**Етиди: 2 етиди од наведената литература, со различен карактер (една мелодиска, една техничка).**

**Една композиција со клавирска придружба.**

**- Оценувањето е описно со краток опис.**

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Целите и задачите на наставниот предмет труба, тромбон и хорна ќе се реализираат во кабинет за индивидуална настава, опремен со потребните наставни и нагледни средства, според нормативот за музичко училиште.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

**1. Труба**

Завршен VII/1 степен, факултет за музичка уметност, инструмент труба.

Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**2. Тромбон**

Завршен VII/1 степен, факултет за музичка уметност, инструмент тромбон.

Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

**3. Хорна**

Завршен VII/1 степен, факултет за музичка уметност, инструмент хорна.

Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

## 9. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот треба да е правилно поставен, правилно да диши, правилна употреба на јазикот, да разлкикува стакато и легато и успешно да ја совлада наставната програма во согласност развојните карактеристики на ученикот.

## ПОТПИС И ДАТУМ НА УТВРДУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по труба, тромбон и хорна за шестгодишното основно музичко образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

______________2009 година

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-3266/4
21-10-2009 200__ год.
СКОПЈЕ

Министер

______________________

Никола Тодоров